# СТАТИИ

**Славка Фиданова**

## ПОДГОТОВКИТЕ ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ТЕТОВСКИОТ ПАРТИЗАНСКИ ОДРЕД

*По повод дваесетипетгодишнината од почетокот на народната револуција*

### I

Тетово со еден дел од својата околија, по поделбата на Југославија помеѓу окупаторските сили, влезе во состав на оној дел од Македонија кој потпадна под италијанската окупација и кого Италија со декрет од 22 јули 1941 година го анектира во корист на Албанија[1]).

Останатиот дел од Тетовската околија со четири општини — Вратница, Грумшин, Теарце и Шемшово, во чиј состав влегуваа 44 села со вкупно 29.621 жители, со демаркационата линија воспоставена на 23 април 1941 година помеѓу италијанската и германската окупациона зона во Југославија, односно италијнаско-бугарската граница во Македонија, остана на територијата на Македонија под бугарска окупација, кој подоцна влезе во состав на формираната скопска околија[2]). Бугарската окупаторска власт демаркационата линија на Македонија ја сметаше како времена и се надеваше дека окупацијата ќе ја прошири и на тој дел од Македонија, па заради тоа присоединувањето на овие села кон Скопската околија ги сметаше како времен акт. Во весникот „Целокупна България" на 20 јуни 1941 година беше објавена веста дека „заземените 44 села од Тетовско се присоединуваат кон Скопската околија". Населението во селата од овие четири општини беше претежно македонско, но имаше и села со шиптарско население, особено селата во грумшинската општина кои беа комплетни со шиптарско население. За разлика од овие села кои беа откинати од Тетовската околија и останаа под бугарска окупација, селата кои со градот Тетово останаа во состав на територијата на Македонија под италијанска окупација беа претежно со шиптарско

---

1) Фердо Чулиновић, Слом старе Југославије, Загреб 1958 г. страна 326.
2) Архив во Институтот за национална историја, инвентарен број 3663.

население, со помал број села со македонско население кои беа расфрлени по полето во Околијата. Со оглед на илузиите кои постоеја кај шиптарското население дека се национално ослободени поради воспоставувањето на албанската административна власт, кое пак дојде како реакција на нивното национално угнетување во времето на 20-годишното великосрпско владеење, секако дека моментот што во Околијата Тетово останаа села со речиси исклучиво шиптарско население, одигра пресудна улога во можноста за опстанок на партизанските одреди на теренот на Тетовската околија.

За сето време на окупацијата, заради неговиот стратешки положај спрема демаркационата линија и близината на Скопје, каде беше сконцентриран целокупниот воен и политичко пропаганден апарат, Тетово со Околијата беше изложено под удар на двете пропаганди: големоалбанската и големобугарската. Заради тоа Тетово заедно со Гостивар претставуваше центар на шиптарската реакција за сето време на окупацијата. Тоа се потврдува со фактот што Тетово кое во прво време играше периферна улога во присоединет дел кон квислиншка Албанија, во управно административен поглед подпрефектурата во Тетово беше потчинета на префектурата во Дебар, подоцна со оглед на неговото значење тоа во управно-административен поглед исто така станува седиште на префектурата, а во исто време се формира и квестура[3]).

Причината за појавата на двете пропаганди беа различните империјалистички интереси на бугарскиот и италијанскиот окупатор кои се судруваа во Македонија. Италија беше заинтересирана за превласт на Балканот, па заради тоа беше против проширувањето на Бугарија во Македонија. И обратно, Бугарија беше заинтересирана да ја добие цела Македонија, вклучувајќи го и делот од Западна Македонија под италијанска окупација, посебно и затоа што Хитлер при посетата на цар Борис во Берлин беше му ја ветил цела Македонија[4]).

Во остварувањето на тие цели и едниот и другиот окупатор се служеше со разните политички групации од редовите на македонската и албанската буржоазија и нивната интелигенција: големо албанците до типот на Шаип Камбери, Кадри Сали, некои од Македонците — сепаратисти околу Ванчо Михајлов (од бившата ВМРО), како и Македонците — големобугари околу групата Чкатров — Ѓузелов. Во прво време бугарскиот окупатор тоа го спроведуваше преку пробугарскиот „Македонски комитет", кој во Тетово се формира на иницијатива на Централниот бугарски акционен комитет во Скопје и црквата, додека италијанскиот окупатор ги користеше големоалбанците кои исто така имаа формирано Албански комитет. Подоцна, по воспоставувањето на квислиншката албанска власт, Македонскиот

---

[3]) Фонд на тетовското јавно браниоштво, број 1050, Државен архив на СРМ — Декрет на Високиот совет со кој Тетово се издвои од јурисдикцијата на дебарската префектура.

[4]) Извештај на воениот изасланик на НДХ во Софија, архив на В. И. И., К-89, 23 — 9 и 29 — 7, микрофилм во Државната архива СРМ.

комитет престанува со својата дејност и таа улога ќе премине на тетовското братство — формирано од Македонците — емигранти од Тетовско на територијата под италијанска окупација[5]).

Последиците од тоа беа големи, со оглед на тоа што тоа даде можност да се развие националната и верска нетрпеливост кај обата народа. Под влијание на двете пропаганди: големоалбанската и големобугарската во мај 1941 година стана и еден крвав инцидент помеѓу група Шиптари и поголема маса од македонското население, која, раководена од „Македонскиот комитет“ како одговор на големоалбанските манифестации, приредени во чест на влегувањето на италијанските трупи, приредија исто така манифестации пред италијанската месна команда за да докажат со тоа дека во Тетово живее и македонско население и дека заради тоа Тетово ќе треба да биде присоединето кон Бугарија[6]).

Со воспоставувањето на цивилната албанска власт положбата за македонското население стана тешка. Третирајќи го тој дел од Македонија како составен дел на Албанија, квислиншката албанска влада, како и во другите градови, и во Тетово воспостави административен и управен апарат, исклучиво од редовите на албанското население од Албанија или од редовите на домашното шиптарско население, отпуштајќи ги притоа дотогашните службеници (Македонци и Срби) од работа. Веднаш потоа албанската квислиншка власт спроведе и мерки на денационализација.

Освен тоа што албанскиот јазик го заведе како официјален службен јазик, во 1941 година Албанската влада издаде и неколку уредби со кои ги измени сите натписи на дуќаните и изврши промена на презимето на македонското население, воведе и отвори училишта исклучиво на шиптарски јазик и тоа само основни образователни училишта, додека полната гимназија во Тетово ја укина, што претставуваше чекор назад во споредба со просветата во времето на стара Југославија[7]).

Овие денационализаторски мерки беа проследени и со низа стопански мерки на квислиншката албанска власт, кои уште повеќе ја усложнија положбата на македонското население. Квислиншката албанска власт 1941 година донесе уредба за земјиштето на беговите одземено со аграрната реформа. Со таа уредба тогашните сопственици на земјата се задолжуваа да даваат енда четвртина од приходите на сопственикот на кого со аграрниот закон му беше одземена земјата. Врз основа на овој закон многу од наследниците на сопствениците на имотите под удар на аграрниот закон се осилија и почнаа по на-

---

[5]) Зборник „Устанак народа Југославије 1941“ стр. 704 и 705. Славка Фиданова „Некои особености во развитокот на народната власт во Западна Македонија, материјали од симпозиумот по повод 20-годишнината на АСНОМ; Томо Софрониевски, статија во „Нова Македонија“ од декември 1961 година; Круме Наумовски, статија во „Нова Македонија“ од јуни 1961 година; Историски архив КПЈ VII том, стр. 19.

[6]) Исто.

[7]) Фонд на Кичевската општина, К-1, Док. бр. 4, Док. бр. 63 и К-3, Рег. бр. 133, Државна архива СРМ — Скопје.

силствен пат (закануваньа, уценуваньа) да бараат да им се вратат и целите имоти без оглед на тоа што тие имоти биле купувани и преку купо-продажба ги измениле своите сопственици. Такви имоти имаше во градот Тетово, како и во селата Сарачино, Лавци и др. Во 1942 година со посебна уредба беше воведен и спаилукот — десеток, која сопствениците на земјиштето и стоката ги задолжуваше да плаќаат десеток (десети дел) од земјоделските и други видови производи[8]).

Мерките на денационализацијата, како и стопанските мерки беа спроведувани со притисок и терор над македонското население (уценувања, безвласно отимање на напуштените куќи и имотите). Ваквата положба особено се потсили по капитулацијата на Италија, кога беше прогласена независна квислиншка Албанија, така што навистина тоа даваше слика на безвластие[9]).

Поради изложената положба во која се најде македонското население на територијата под италијанска окупација, како и поради тешката економска положба (немање заработувачка, немање основни животни продукти: лебот, оризот, шеќерот, зејтинот и сапунот, од кои некои и за сето време на окупацијата ги немаше), поголемиот број од македонското население легално или нелегално го напуштија Тетово и се иселија на територијата под бугарска окупација. Обратно на тоа, голем број шиптарско население (фамилијарно или поединечно) од Тетовската околија под бугарска окупација, поради мерките на притисокот од страна на бугарскиот окупатор над населението кое не беше од „бугарски происход", се префрлија на територијата под италиајнска окупација. Поради емигрирањето на шиптарското население од територијата под бугарска окупација, положбата на македонското население во Тетовско се влоши. Економски необезбедени, бидејќи по занимање беа земјоделци и сточари, а во Тетово својата дејност немаа услови да ја обавуваат затоа што немаа своја земја, тие живееја претежно од пљачка и тоа од пљачка на македонското население[10]).

За разлика од македонското население кое на територијата под бугарска окупација, со еден мал исклучок околу тетовското братство кое се стави на услуга на окупаторот, беше или пасивен или беше се ориентирал кон народноослободителното движење, шиптарското население од територијата под бугарска окупација по преминувањето на територијата од италијанска окупација сосема се ставија во служба на италијанскиот окупатор и квислиншката албанска власт. Тие всушност ги сочинуваа балистичките чети на Џемо и Мефаил. Во

---

[8]) Фонд на Кичевската општина, К-1, Док. бр. 42 и Док. бр. 95, Државна архива на СРМ.

[9]) Фонд на мировниот судија во Тетово, К-17, Док. бр. 217, Док. бр. 214, Државна архива на СРМ — Скопје.

[10]) Фонд на Непријателската архива, К-1, рег. бр. 4/11, Архив на В. И. И., препис во Државната архива на СРМ Скопје; Фонд на Непријателската архива на В. И. И. К-302, 57/3, микрофилм во Државната архива на СРМ; Фонд на Првостепениот суд во Тетово, К-5, Рег. бр. 29, 30, 31, 33, 36 — казни изречени (со затвор или парично накажани) над лица кои илегално ја преминале границата.

прво време живееја од пљачка на населението кога одеа во потера по партизанските одреди, а подоцна станаа и платеници на Германците.

Во вакви услови започна да делува партиската организација во Тетово во времето на подготовките за оружен отпор против окупаторот.

## II

Во Тетово постоеше Месен комитет на КП од 5 члена, и Месен комитет на СКОЈ од 4 члена уште пред капитулацијата на Југославија. Месниот комитет во времето од неговото формирање јуни 1840 година до априлската катастрофа во редовите на КП имаше опфанато претежно работници и малку интелектуалци. Од четирите партиски келии само една беше поставена на производен принцип од работниците во Монополот и една келија составена од интелектуалци, додека другите две ги сочинуваа работници од различни бранши. Покрај партиските келии постоеја две кандидатски групи и кандидати кои поединечно се држеа на врска, како и воспитни групи со кои раководеа членовите на КП. Месниот комитет на СКОЈ раководеше со скоевски актив од 5 члена во гимназијата, со скоевска група во монополот, скоевска група од студенти и скоевски групи од работници од различни бранши· При Месниот комитет на КП постоеше одбор за народна помош. Освен тоа постоеше и актив на жени, кој работеше на создавање на женска набавувачка задруга. Пробив имаше направено и среде муслиманското население: постоеше еден кандидат на Партијата и една воспитна група[11]).

Раководството на Партијата во времето на своето дејствување до априлската војна, покрај редовната работа — проширување и организационо зацврстување партиската и скоевската организација, посебно внимание посветуваше и на изградбата на моралниот лик на комунистите. Поседувањето на тие квалитети беше еден од условите за прием во Партијата и СКОЈ, покрај односот спрема класниот непријател. Тоа во многу придонесе за цврстината на комунистите од тетовската Партиска организација. Потврда за тоа беше и одличното држење на најголемиот број комунисти од тетовската партиска организација пред класниот непријател. (Ѓоце Стојчевски, Илија Антевски и др.)[12]).

Во почетните чекори на изградбата, Партиската организација имаше да се бори и против разните тенденции ултралеви, анархистички со доза на национал-шовинизам, кои постоеја во редовите на еден дел од младината, кај група младинци опфатени во воспитни

---

[11]) Устанак народа Југославије 1941, стр. 701; Томо Софрониевски, статија во „Нова Македонија" од декември 1961; изјава на учесници, фактографски материјал Тетово, Архив на Институтот за националната историја; изјава на учесници, Р — Тетово стр. 37, 43, 44.

[12]) Народна армија од 13 јуни 1951, Јаким Синадиновски „Вешала у тиранском затвору"; 40 година, Томо Буклевски „Шесторица из Тиранског затвора".

групи. Благодарејќи на правилната работа на партиското раководство, дискусии и укажувања, како и канализирање и насочување на нивните гледишта со нивното вклучување во работата на скоевските организации, овие тенденции постепено беа ликвидирани. Самите тие подоцна го претставуваа најборбеното и најцврстото езгро на Партијата[13]). Впрочем, многу поопасни за партиската организација беа опортунистичките тенденции во редовите на Партијата, па дури и во Месниот комитет заради тоа што се спротивставуваа на директивите на Партијата да се водат акции против постоечкиот режим во земјата, како што беа акциите: пишување пароли по градот или делење летоци. Тие беа опасни дотолку повеќе што нивните носители пред работниците и интелектуалната младина беа претставени како борци за правата на работничката класа и не можеа лесно да се ликвидираат. Борбата против тие тенденции беше добила и карактер на фракционашка борба во Партиската организација, помешана со кариеризам. Овие опортунистички тенденции се провлекуваа и по капитулацијата на Југославија, по априлската катастрофа[14]). Тоа е ситуацијата што Кузман Јосифовски — Питу ја карактеризира, по неговото доаѓање во Тетово пред крајот на 1941 година, кога е таа прилично бројчано слаба и од други причини:

„другото (М. З. партиско раководство) во Тетово разјадено со фракционашка борба и трула фамилијарност ...... "[15]).

Во деновите на априлската војна оваа Партиска организација во духот на линијата на КПЈ во одбрана на земјата самоиницијативно зазеде правилен став по однос на прашањето за продолжување со отпорот против окупаторот.

На 10 април 1941 година Месниот комитет одржа партиска конференција со присуство на партиското членство, кандидатите на Партијата и некои скоевци, на која беа донесени одлуки:

— да се продолжи со борбата против окупаторот без оглед на тоа што се распаѓаше југословенската војска. На конференцијата не станувашe збор за начинот како тоа ќе се оствари, бидејќи и на самите членови на Месниот комитет не им беше јасно. За оваа одлука беа придонесле и гласовите дека југословенската војска на извесни сектори пружа отпор на окупаторот;

— да се уништи архивата во судската зграда каде се наоѓаше материјалот од последниот судски процес на комунистите од Тетово, за да не му падне на непријателот во рака;

— да се помогне на заробениците во логорите и евентуално задржи оружјето до колку некој го поседува;

— да се спроведе бојкот против формираниот „Македонски комитет" и Албанскиот комитет[16]).

---

13) Изјава на учесници, Р. Тетово, стр. бр. 29; Устанак народа Југославије 1941 година, стр. 701.

14) Изјава на учесници, Р — Тетово, стр. 40, 41.

15) Архив на Институтот за национална историја Инвен. бр. 168.

16) Устанак народа Југославије 1941, стр. 701; Т. Софрониевски, статија во „Нова Македонија" 1961 година; Круме Наумовски, статија во „Нова Македонија" јуни 1961 година.

Во текот на април беа успешно извршени сите овие задачи. Од судската зграда беше однесен и запален материјалот од судскиот процес и земена беше една машина за пишување. Месниот комитет се поврза со заробениците во логорот во земјоделското училиште и го организира бегството на шпанскиот борец Слободан Митров, на кој му се закануваше опасност да биде провален и затворен од Гестапо, како и неговото префрлање во Скопје и Србија[17]).

Месниот комитет го осуди постоењето на големоалбанскиот и „Македонскиот комитет", нивната пропаганда и нивните приредени манифестации. Тој ги критикуваше симпатизерите на Партијата и активистите кои зедоа активно учество во манифестациите од страна на македонското население, а посебно се спротивстави на ставовите на членовите на КП — Шиптари од Скопје кои беше се ставиле на чело на големоалбанските манифестации под влијание на големоалбанската пропаганда и бараа квислиншката албанска власт да се прошири и на Скопје и на Куманово[18]).

Во текот на август некои од членовите на тетовската Партиска организација, откако беа запознаени со ставовите на ПК КПМ по прашањето за вооружената борба против окупаторот, нивните контрареволуционерни и опортунистички ставови, се изјаснија за линијата на КПЈ за вооружена борба против окупаторот, во која македонскиот народ — заедно со другите југословенски народи — ќе извојува национална и социјална слобода[18а]).

Наоѓајќи се во тешка ситуација, поради брзото иселување на населението и теророт на окупаторот и неговите квислинзи, за идната работа и мерките што требаше да ги преземе во таа новонастаната ситуација, Месниот комитет по капитулацијата на Југославија настојуваше да воспостави врски со Покраинскиот комитет во Скопје. Во таа смисла по неколку пати испраќаше курири во Скопје. Меѓутоа, сите врски се сведуваа на испраќање на партиски материјали — издадени прогласи од страна на Покраинскиот комитет на Македонија[19]).

Нападот на СССР ја раздвижи организацијата уште повеќе. Револтот против германскиот и италијанскиот окупатор во Југославија, па и во Македонија стана уште поголем заради тоа што беше нападнат СССР — првата земја на социјализмот, во која пролетеријатот и национално угнетените народи од целиот свет гледаа гаранција за остварување на своите цели. Партиското раководство во Тетово дискутираше за ново настаната ситуација, но не знаеше како ќе се оствари оваа помош на СССР. Кај членовите на КП постоеше мислење дека ќе треба да се пријават како доброволци за СССР. Во тоа време во Тетово не беше испратен ни еден материјал — проглас од страна на ЦК КПЈ од кој Партијата можеше да се запознае со ставот на ЦК КПЈ за оружан отпор, а од страна на Покраинскиот комитет не

---

[17]) Исто

[18]) Исто

[18]а) „Четрдесет години", стр. 122.

[19]) Устанак народа Југославије 1941. г., стр. 705; Т. Софрониевски, Реферат на свечената седница 1961 г.

пристигнуваа никакви директиви. Во отсуство на било каква директива, прогласот — издаден од страна на Покраинскиот комитет за Македонија по нападот на Германија на СССР со паролата „Советска Македонија“ во Партиската организација во Тетово беше прифатен со одушевување[20]).

Својата активност Партиската организација во овој период ја сведе на разоткривање на италијанскиот окупатор, ја разобличуваше како големоалбанската, така и големобугарската пропаганда, кои го поттикнуваа едното против другото население од различни народности и одеа кон тоа да го разбијат нивното единство.

Заостувајќи го отпорот на народот против окупаторот Партиската организација во јули месец 1941 година организира акција преку членството на КПЈ и скоевците да се бојкотира наредбата на окупаторот за откуп на бакарот од населението[21]).

Окупаторот се до јули месец 1941 година не преземаше никакви мерки против комунистите во Тетово. Впрочем, немаше ни некаква акција од страна на комунистите која би им дала повод за противмерки. Во јули месец извршено беше прво затворање. Затворени беа седум Албанци и тројца Македонци. Затворањето немаше никаква врска со Партиската организација, освен што еден од Македонците беше скоевец[22]). Тоа беше дало повод некои компромитирани членови на КП самите да се прогласат за илегални, да се илегализираат и да се засолнат надвор од градот — во тврдината Кале· Нив им се придружија некои младинци и таму останаа една цела недела. Партиското раководство беше принудено да води борба против ширењето на паниката и да го одржи моралот на висина, спротивставувајќи се на некои членови на Месниот комитет кои заради настанатата ситуација сакаа да го напуштат Тетово и да се префрлат на територијата под бугарска окупација.

Спроти Илинден, секретарот на Месниот комитет, преминувајќи ја границата, откако му го открија материјалот (прогласот по повод на Илинден) што го пренесуваше од Скопје, беше затворен. Бидејќи тој имаше добро држење и не поткажа никого од организацијата, италијанската карабинерија, со помош на домашните агенти, затвори некои членови под сомнение дека се комунисти. Всушност, тоа беа самоповикани комунисти, од кои некои беа и во служба на сите можни агентури. За да се ослободат себеси, тие обвинија други личности. Во меѓувреме додека партиското раководство готвеше акција за да го ослободи секретарот за кого имаше известување дека ќе биде со воз однесен во Тирана, по провалата на последниве затворени, италијанската карабинерија се обиде да затвори и еден член на Месниот комитет. Бидејќи тој успеа да избега, и мораше да премине во илегалство, привремено се засолни во Скопје. Неколку дена потоа

---

[20]) Томо Софрониевски, Реферат на свечената седница по повод 20-годишнината на Народната револуција 1961 г.

[21]) Томо Софрониевски, статија во „Нова Македонија“ декември 1961 година; изјава на учесници, Р — Тетово, стр. 49.

[22]) Изјава на учесници, Р — Тетово, стр. 52.

останатите тројца членови на Месниот комитет, од страв да не бидат затворени, се префрлија во Скопје, макар што полицијата нив не ги бараше. Со тоа организацијата беше оставена без раководство. Покраинскиот комитет се обиде да ги врати но тие одбија под разни изговори. Нивното преминување во Скопје, беше повод и другите членови на КП и скоевци да преминат во Скопје[23]). Ова преминување на територијата под бугарска окупација се совпадна кога голем број членови на КП и скоевци заедно со своите фамилии или поединечно — претежно ученици и некои студенти, се иселија од Тетово и се префрлија на територијата под бугарска окупација, така што организацијата скоро беше растурена[24]). Во писмото на Кузман Јосифовски Питу за положбата во организацијата во Тетово стои:

„По дезертирањето на одговорните, се растура (М. З. партиското раководство), а партијците изгубуваат глави и се разбегуваат кој како знаеше."[25]).

## III

Во првата половина на септември по сменувањето на Покраинскиот комитет на чело со Методија Шаторов, новото Покраинско раководство се заинтересира за ситуацијата во Западна Македонија и за положбата на Партиската организација. Откако тие беа запознаени (делегатот на ЦК Драган Павловиќ и секретарот на Покраинскиот комитет Лазар Колишевски) со ситуацијата во Западна Македонија, условите за работа, состојбата на Партиската организација, беа повикани два члена: еден од Гостиварската и еден од Тетовската Партиска организација. На нив им беше поставена задача да ја обноват Партиската организација во Тетово и Гостивар и запознаат со војните и политичките подготовки за оружена борба[26]).

Пред крајот на септември и почетокот на октомври во Тетово беше формирано Месно повеpенство. Новоформираното раководство ги вложи сите напори да ја обнови партиската организација и да ги прибере сите скоевци и членови на КП, како и членовите на воспитните групи. Во октомври на работа во тетовската Партиска организација беше испратен Перо Наков. Тој со своето искуство, макар што неговиот престој беше од кусо време, придонесе за релативно краток период да се зацврсне и прошири тетовската Партиска организација. Со негова помош, пред крајот на октомври 1941 година, беше одржана прва изборна градска партиска конференција. Конференцијата имаше задача да придонесе за натамошниот развој и зацврстување на партиската и скоевска организација и да ја потсили

[23]) Т. Софрониевски, реферат на свечената седница во Тетово 1961 година; Круме Наумовски статија во „Нова Македонија" јуни 1961 година; изјава на учесници, Р — Тетово, стр. 49.

[24]) Изјава на учесници, Р —Тетово, стр. 48; Т. Софрониевски, Реферат на свечената седница во Тетово 1961 година.

[25]) Архив на Институтот за национална историја, Инв. бр. 168.

[26]) Т. Софрониевски, статија во „Нова Македонија" декември 1961; Круме Наумовски, статија во „Нова Македонија" јуни 1961 година; изјава на учесници, Р — Тетово стр. 49.

работата на воените и политичките подготовки на оружен отпор за борба против окупаторот. На конференцијата имаше присутни 9 члена на КП. Таа расправаше за две прашања: политичката положба и непосредните задачи на партиската организација. На крајот на конференцијата беше избран и Месен комитет на партиската организација од 5 члена[27]).

Меѓу поважните непосредни задачи донесени на конференцијата, беа:

— да се формира месен комитет на СКОЈ кој би имал задача да ја организира напредната младина во Тетово во скоевски воспитни групи. За да се постигне таа цел, покрај другите форми на работа, да се користат и широки полулегални забавни собири на младината;

— да се организира партиска техника и преку напишан материјал да се запознае партискиот и скоевскиот актив, како и масите во Тетово со настаните во светот и земјата;

— да се печатат вести, летоци и друг партиски материјал;

— да преземе нужни подготовки преку прибирање оружје и друг воен материјал, како и морално и политички да го подготвува членството, со цел во одреден момент да се исфрли партизански одред на теренот во Тетово[28]).

Партиската организација, спроведувајќи ги задачите поставени на конференцијата, за неколку месеци постигна прилично голем успех. За времето од двомесечната нејзина работа бројот на членството беше пораснат од 9 на18 члена на КП. Набргу беше формиран и Месен комитет на СКОЈ, кој преку младинските собири и други форми на работа успеа да активизира голем број младинци и ја масовизира скоевската организација. Во неа имаше околу 30 членови на СКОЈ, како и многубројни воспитни групи[29]).

Меѓу позабележителните успеси на партиската организација од овој период е и организирањето на партиксата техника, како и покренатиот Неделен информативен весник. Преку него партиското раководство успеваше партискиот и скоевскиот актив, како и дел од населението редовно да ги запознава со настаните на источниот фронт и другите фронтови во нашата земја и угнетувањата и ѕверствата на окупаторот во Југославија[30]).

Во текот на својата дејност од два месеца (ноември и декември), партиската и скоевската организација, преку задачата да прибере народна помош, успеа на линија на народноослободителното движење да привлече поголем број чесни граѓани.

---

[27]) Т. Софрониевски, Реферат на свечената седница 1961 година; Р —Тетово, изјава на учесници, стр. 53, 54, 55. Месниот комитет го сочинуваа: Перо Наков, секретар и членови: Томо Софрониевски, Димо Гавровски (Петре), Гоце Стојчевски и Љубомир Божиновски. Поради заминување на членовите на МК на други должности (членови на ОККП членови на Окружен штаб и др.), во МК повеќе пати е правена реорганизација.

[28]) Исто

[29]) Томо Софрониевски, Реферат на свечената седница 1961 година; изјава на учесници, Р — Тетово, стр. 56, 57, 59 и 60, Месниот комитет на СКОЈ го сочинуваа Гоце Стојчевски, Андреја Савевски, Благоја Буневски и Илко Филиповиќ.

[30]) Исто

Во овој период, освен тоа, извршен е прв пробив на село (во селото Брвенце). Пред крајот на декември во селото Брвенце организиран е и одбор на народна помош од три члена[31]).

Партиското раководство, работејќи на проширување на партиската организација и сè поголемата мобилизација на широките народни маси на линијата на КПЈ за вооружена борба против окупаторот, исто така го третираше и проблемот за пробив и меѓу шиптарското население, за неговото придобивање за заедничка вооружена борба на шиптарското и македонското население против окупаторот. Меѓутоа, шиптарското население, кај кого постоеја илузии за национално ослободување и беше под силно влијание на големоалбанската пропаганда, во прво време можеше тешко да се придобие за линијата на народноослободителното движење. Заради тоа, и покрај напорите на партиската организација, овој пробив 1941 година е незнатен. Од редовите на шиптарската младина имаше само нешто опфанато во скоевски и воспитни групи[32]).

Благодарејќи на помошта на новото покраинско раководство на чело со секретарот Лазар Колишевски и залагањето на испратениот инструктор Перо Наков, Партиската организација во Тетово, со исклучок на еден кус период на застој, пред крајот на 1941 година припаѓа меѓу најздравите и најцврстите партиски организации во Западна Македонија.

Со тоа беа создадени услови за пред крајот на 1941 и почетокот на 1942 година во Тетово да се префрлат инструктори на ПК (Кузман Јосифовски Питу и Крсте Црвенковски), од каде ќе раководат со партиска организација во цела Западна Македонија. Во почетокот на 1942 година во Тетово е формиран и Окружен комитет на КП за цела Западна Македонија[33]).

Престојот на инструкторите на Покраинскиот комитет како и постоењето на Окружниот комитет, многу допринесоа за развој на Партиската организација во Тетово.

## IV

Во текот на 1942 година партиското и скоевско раководство работеа на проширување и зацврстување на организациите. Услов за прием во редовите на КП беше политичката активност сред широките народни маси и нивниот успех: бројот на опфанатите симпатизери во НОД, собраната народна помош за НОД, како и нивната оданост во извршувањето на разните задачи: пренесување оружје, писма и друго. Партиската оргнаизација се омасови по одлуката од Окружниот комитет сите активни скоевци да се примат за членови на КП, а воспитните групи да станат скоевци. Бројот на партиското членство до крајот на 1942 година изнесуваше 50 а скоевци 69.

---

[31]) Исто

[32]) Изјава на учесници, Р — Тетово, стр. 59 и 60.

[33]) Т. Софрониевски, Реферат на свечената седница 1961 година; Р — Тетово, изјава на учесници, стр. 65, 68 и 69.

Членовите на Партијата беа организирани во 8 — 9 партиски келии. Сите беа поставени на принцип на маалски келии, со исклучок на посебна женска келија[34]).

Во времето на проширувањето на Партиската организација партиското раководство посебно внимание беше посветило на конспирацијата и дисциплината, така што имаше случаи на сменување и на цел месен комитет заради деконспирација, и тоа за ситни случаи, како и исклучување од Месниот комитет само затоа што не се дошло на состанок на Месниот комитет[35]). Секако дека таа железна дисциплина која постоеше во КПЈ, применета и во тетовската организација во времето кога таа се создаваше и растеше, беше еден од условите во текот на 1942 година да не дојде ни до каква провала во партиската организација во Тетово[36]).

Напоредно со сите овие мерки, партиското раководство исто така во овој период работеше на идеолошкото издигнување на своето партиско членство. Покрај тоа што на состаноците се разработуваа партиски материјали кои ги издаваше Покраинскиот комитет, во 1942 година е организиран и курс за идеолошка изградба на партиското членство. Со оглед на тоа што од конспиративни причини не можеше да присуствува целото партиско членство, беа земени по 2 — 3 члена од секоја партиска келија. Како материјали за овој курс се употребени петте глави од „Историјата на СКП (б)", кои беа умножени на техниката при Месниот комитет во Тетово, „Развитокот на општеството" од Рајмес и друго[37]).

## V

Партиската организација во текот на 1942 година и почетокот на 1943 година до исфрлувањето на првиот партизански одред својата активност ја насочи на воените и политички подготовки за вооружен отпор против окупаторот со цел народот во Македонија национално да се ослободи.

Во таа смисла, таа во овој период на 1942 година разви голема политичка активност сред широките народни маси за да ги подготви политички за вооружен отпор против окупаторот. Во остварувањето на таа цел партиската организација во својата агитационо-пропагандна работа посебно внимание обрна на разобличувањето на окупаторот и неговите квислинзи, неговата политика во Западна Македонија со

---

[34]) Т. Софрониевски, Реферат на свечената седница 1961 година; Р — Тетово, изјава на учесници, стр. 59, 80, 81, 83, 94, 95, 96, 97.

[35]) Изјава на учесници, Р — Тетово, стр. 64, 78.

[36]) Во почетокот на септември 1942 година, по една провала во Гостивар, беа затворени секретарот на Окружниот комитет Крсте Црвенковски и од Тетовската Партиска организација: Благоја Буневски и Драган Спировски. Драган Спировски успеа да избега од рацете на полицијата, а другите двајца беа однесени во Тиранскиот затвор. И покрај тоа што беа теретени (кај Благоја Буневски беше откриено поголемо количество оружје), тие ниту ја признаа својата работа, ниту поткажаа некого од организацијата; Нешо Марковски „Истрел во маглена нок" необјавен ракопис; изјава на учесници, Р — Тетово, стр. 73.

[37]) Изјава на учесници, Р — Тетово, стр. 67, 75, 81.

помош на квислиншката албанска власт да создаде национална и верска омраза помеѓу шиптарското и македонското население, нивната политика на фаворизирање пљачкашките и качачки банди, денационализаторските мерки против македонското население, нивната стопанска политика со воведување на спаилокот задолжителен како за македонското така и за шиптарското население, политиката на терор и притисок, укажувајќи им на потребата од вооружена борба против окупаторот и популаризирајќи ја ослободителната борба што ја водат поробените народи на чело со СССР и нивните сојузници САД и Велика Британија, како и борбата што ја водат југословенските народи вклучувајќи го и македонскиот народ под бугарска окупација. Разобличувајќи го окупаторот, партиската организација истовремено го повикуваше народот од Западна Македонија без оглед на националност и вера за отпор против окупаторот; против денационализацијата, скапотијата, безработицата, против спаилукот, против политиката на окупаторот да предизвика братоубиствена борба.

Партиската организација во прво време својата политичка активност беше ја насочила сред македонското население, кое беше изложено на милост и немилост на окупаторот и квислиншката албанска власт.

Со оглед на недоволниот пробив на селото, а од друга страна поради важноста на селото како идна база за партизанските одреди, Партиската организација во текот на 1942 година му придаде поголема важност на прашањето за развивање на политичката активност во селото. Овој проблем за опфаќање на селата беше дискутиран и на состаноците на Месниот комитет[38]). За развивање на политичката активност во селата постоеја сите објективни услови. Селата беа изложени на пљачка од страна на качачките банди, селаните на својот грб најповеќе го осетија спаилукот и притисокот на спаиите, а освен тоа тие беа задолжени да даваат една четвртина од производите на земјата од аграрната реформа. Самоволието на бившите аги и бегови за да ја одземат земјата од селаните, кои ја поседуваа после донесувањето на законот за аграрна реформа најмногу беше дојдена во селата. Колку беше голема важноста за продирање во селата се гледа и од окружницата на Окружниот комитет од 1942 година во која се вели:

„Да се продре во сите села. Денеска организираното село решава многу. Тоа треба да стане топла пазува за народните борци“[39]).

Како резултат на тие напори на Партиската организација, во текот на 1942 година, покрај селото Брвенце, во НОД беа опфанати и селата: Палчиште, Лавце, Непроштено и Ратае[40]).

---

[38]) Изјава на учесници, Р — Тетово, стр. 82.

[39]) Архив на Институтот за национална историја, Инв. бр. 152.

[40]) Изјава на учесници, Р — Тетово, стр. 77; изјава на Илија Филиповиќ, во архивата на Институтот за национална историја. Во село Палчиште имаше одбор на Н. О. фонд, партиска келија, кандидатска и воспитна група; во село Лавце и село Ратае постоеја воспитни групи, а во село Непроштено Одбор на Н. О. фонд.

Работејќи на развивањето на политичката активност среде македонското население, Партиската организација правеше напори политички да го подготви шиптарското население и ги мобилизира сите чесни шиптари околу линијата на НОД за оружан отпор против окупаторот и неговото истерување од земјата. Во прво време овој пробив Партиската организација го остваруваше преку членовите на КП — Шиптари, кои беа дојдени од други градишта во Тетово. Еден од нив во 1941 година стана и член на Месниот комитет во Тетово. Подоцна од редовите на шиптарското население од градот Тетово беа создадени скоевски групи и воспитни групи. Наскоро потоа имаше членови на КП од редовите на месното шиптарско население. До крајот на 1942 година и почетокот на 1943 година беше создадена партиска келија и од учители — Албанци дојдени од Албанија на службена должност[41]).

Спроведувајќи ја својата политичка активност среде шиптарското население преку членовите на КП скоевските и воспитните групи, Партијата во Тетово во текот на 1942 година и почетокот на 1943 година успеа на линијата на НОД за отпор против окупаторот да мобилизира и дел од шиптарското население и тоа главно меѓу учителите, чиновничкиот апарат претежно од Албанија, кои и пред нивното доаѓање биле антиокупаторски расположени против италијанскиот окупатор, и нешто малку меѓу месното шиптарско население, неговиот најсиромашен слој[42]).

Огромна улога во создавањето на борбеното расположение за отпор на окупаторот одигра и листот „Неделен весник" — орган на тетовската Партиска организација. Тетовската организација за да ја оствари својата цел за политичка мобилизација на народот за борба против окупаторот, односно да го заостри неговиот однос према окупаторот, во мај 1942 година покрена свој лист „Неделен весник". Неделен весник излезе во 12 броја[43]). Неделен весник беше масовно ширен меѓу населението: шиптарското и македонското. Тој служеше како гласило со кој народот од Тетовско се запознаваше со ослободителната борба што ја води СССР, неговите сојузници на фронтовите во Африка и Далечниот Исток, ослободителната војна што ја водат југословенските народи и друго. Освен тоа во него беше изнесувана и положбата на народот во Западна Македонија, поради спаилукот, безработицата и експлоатацијата на работниците кои работеа по цадињата, пљачката и теророт над македонското население, издвојувајќи го при тоа оној дел од шиптарското население: спаиите и пљачкашките качачки банди кои беа во служба на окупаторот. Во еден број на „Неделен весник", правејќи разлика помеѓу оние кои му служат на окупаторот и албанскиот народ, беа поместени следните зборови:

---

[41]) Изјава на учесници, Р —Тетово,стр. 68, 78, 87, 106; изјава на Илија Филиповиќ во архивот на И. Н. И.

[42]) Изјава на учесници, Р — Тетово, стр. 105, 106.

[43]) Историски архив на КПМ, том II, книга I, стр. 430.

„Македонците знаат дека качаците кои се размилиле низ земјата не се Албанци, како што некои викаат, туку да се тие изроди на албанскиот народ“ [44]).

Заострувајќи го односот на народот во Западна Македонија против окупаторот и квислиншката албанска власт, тој истовремено го повикуваше на пружање отпор, подвлекувајќи го при тоа работничко-селскиот сојуз.

Во „Неделен весник“ од 3. август 1942 година пишуваше:

„Борбата на работниците за нивните права и борбата на селаните против спаилукот и земањето на земјата треба да се слее во еден поток и да се разлее низ целата земја. Само целосното единство на работничката класа со селаните е гаранција за полната победа над фашизмот... Да живее челичното единство на работничката класа и селанството во борбата против италијанскиот фашистички окупатор“[45]).

Повикувајќи го народот на отпор, „Неделен весник“ истовремено укажуваше и на начинот на кој ќе се оствари тој отпор против окупаторот:

„Работници и селани, влегувајте во Народноослободителната борба. Полнете ги редовите на народноослободителните партизански одреди“[46]).

На тој начин отпорот против окупаторот, кој дотогаш претставуваше само агитационо-пропагандна парола, стана акциона парола со повик за влегување во партизански одреди за пружање отпор против окупаторот.

Покрај „Неделен весник“, меѓу населението од тетовско се ширеше и весникот „Братство“ кој беше орган на Окружниот комитет на КП[47]). И „Братство“ како и „Неделниот весник“ ја третираше истата проблематика и имаше за цел да изврши политичка мобилизација на целото население од Западна Македонија за борба против окупаторот.

Благодарејќи на развиената политичка активност преку разни форми: собири и повечеринки, поединечната агитација и агитационото средство „Неделен весник“ и „Братство“, резултатите во 1942 година беа мошне забележителни. Во редовите на македонското население беше сѐ поочигледна поларизацијата во корист на НОД, а таков зачеток се чувствуваше и во редовите на шиптарското население. Потврда за тоа беше големата парична и материјална помош (особено жито) што се собираше за НОД, и тоа како од редовите на работниците и сиромашните слоеви, така и од занаетчиите и понекои трговци[48]). Во текот на 1942 година како израз на политиката на КП да ги обедини ослободителните стремежи на сите народи во Југославија, без оглед на вера и народност, за истерување окупаторот од земјата во

---

[44]) Историски архив на КПМ, том II, книга I, „Неделен весник“ бр. 11 од 3. август 1942 година, стр. 196.

[45]) Историски архив на КПМ, том II, книга I, стр. 195.

[46]) Историски архив на КПМ, том II, книга I, стр. 196.

[47]) Историски архив на КПМ, том II, книга I, стр 430.

[48]) Во село Брвенце и село Палчиште се собираше по 500 кгр. жито — изјава на учесници, Р — Тетово, стр. 66.

Тетовско кон народноослободителното движење се чувствува ориентација и на Србите доселеници (колонисти), а и во редовите на интелигенцијата која ја затече окупацијата во Тетово. Подоцна, пред крајот на 1942 година, под влијание на организацијата на Дража Михајловиќ, чија активност се зголемува во текот на 1942 година, во редовите на српското население настанува поларизација. Додека поголемиот дел од Србите колонисти ќе остане сосема на страната на НОД, тенок слој на кулаците — колонисти, како и српската интелигенција од градот и дел од Македонците — големосрбите ќе се ориентираат кон движењето на Дража Михајловиќ и неговата политичка програма[49]). Врв на тој успех кон НОД за отпор против окупаторот да се привлече што поголем број приврзаници без оглед на националност и вера, наспроти на политиката на окупаторот да го разбие тоа единство на југословенските народи, користејќи се со разниот национален состав на народите во Југославија, претставува и Одборот на национално-ослободителниот фонд.

Одборот на НО фонд во Тетово формиран е летото 1942 година. Во неговиот состав влегоа четири члена, од кои двајца беа комунисти, а другите два члена беа вонпартијци. Вака оформен Одборот на НО фонд претставуваше проширување на базата на вооружената борба протви окупаторот[50]).

Напоредно со политичките подготовки и развиената политичка активност масите политички да се подготват за отпор против окупаторот, вршени беа и воени подготовки.

За успешното извршување на воените подготовки и изфрлувањето на партизанскиот одред во април 1943 година при Месниот комитет беше формиран Месен воен штаб од четири лица: командант, комесар, интендант и одговорен по санитет[51]). Тоа беше прв воен штаб што беше организиран на територијата во Западна Македонија. Окружниот комитет во една своја окружница неговото формирање го покажа како успех[52]). Задачата на воениот штаб беше да ги изврши сите подготовки за исфрлање на партизански одред. Подготовките се состоеа во прибирање оружје и воен материјал, во одржување воена обука со партиското и скоевско членство: читање на карти, ракување

---

[49]) Во втората половина на 1942 година Војчо Трбиќ со група соработници делува и во Тетовско. Под нивно влијание во Тетово се создава раководство на организацијата на Дража Михајловиќ. Организацијата на Дража Михајловиќ работи на тоа да го разбие народноослободителното движење и масите да ги придобие на своја страна. Изјава на учесници, Р — Тетово, стр. 92, 99, 101, 103, 104; Непријателска архива на В. И. И., К-302, 49/3; Фонд Бугарска окупација во архивот на И. Н. И., 1943 год.

[50]) Во Одборот на НО фонд биле: Наум Мартиновски, Тодор Петровиќ, Ѓоце Исајловски и Томо Софрониевски. Изјава на учесници, Р — Тетово, стр. 65 и 66; Реферат на свечената седница 1961, Томо Софрониевски.

[51]) Месниот воен штаб го сочинуваа: Командант — Драган Божиновски, бив. југословенски офицер, политички комесар — Томо Софрониевски, Илија Антевски — интендант на штабот и Никола Штејн, одговорен по санитет. Месниот воен штаб го менувал својот состав поради реорганизации. Изјава на учесници, Р — Тетово, стр. 66, 83.

[52]) Архив на Институтот за национална историја, инв. бр. 152.

со оружје и друго. За таа цел беа организирани и специјални курсеви. Потоа со членовите на КП и скоевците беа одржувани курсеви на кои се даваа основни поими од санитетот[53]).

Подоцна, задачите на воениот штаб беа проширени со тоа што тој требаше да изврши избор на живата снага и организира воени бази каде ќе бидат исфрлени партизанските одреди.

Во времето на воените подготовки пред организацијата се постави прашањето за собирање на оружје и други материјали, посебно топла облека.

За време на своето дејствување Месниот воен штаб организира и атентат над еден озлогласен југословенски џандар кој беше во служба на италијанската карабинерија и учествуваше во затворањето на поголем број комунисти од Тетово· Извршувањето на атентатот беше одлука на Окружниот штаб, но го спроведе и организира Месниот воен штаб. Атентатот беше успешно изведен, а политичкиот успех беше прилично голем. Комунистичката партија која 1942 година почна да добива сѐ повеќе симпатии кај народот од Тетовско, по извршениот атентат се здоби со голем углед[54]). Успешна акција на партиската организација беше агитирањето кај населението да не го предава оружјето на Шемзи Мурат. Италијанската власт, за да го собере оружјето од народот, го испрати Шемзи Мурат, кој при тоа се служеше со нечуен терор[55]).

Меѓутоа, и покрај воените и политичките подготовки кои беа во ек и дадоа добри резултати, во текот на 1942 година не беше формиран партизански одред на територијата на Тетовско.

Окружниот комитет и Окружниот воен штаб сметаа дека најдобри објективни услови, со оглед на позадината за формирање на партизански одред има на територијата на Мавровско. Затоа тие засилено работеа на неговото исфрлање. Веројатно дека тој требаше да прибере борци и од територијата на Тетовско. По вложените напори на територијата на Мавровско дури во септември беше исфрлена една група од 7 души која послужи како јатка на подоцнешниот мавровски одред. Меѓутоа, партизанската група наскоро беше растурена, па заради тоа не се оствариjа ни плановите на Окружниот комитет во 1942 година[56]).

Но и покрај тоа, Тетовската организација пред крајот на 1942 година беше една од најсилните организации во Западна Македонија. Секако дека нејзините резултати ќе можеа да бидат далеку поголеми ако Покраинскиот комитет на чело со Бане Андреев го задржеше

---

[53]) Изјава на учесници, Р — Тетово, стр. 66, 83; Реферат на свечената седница 1961 година, Томо Софрониевски.

[54]) Изјава на учесници, Р — Тетово, стр. 66 и 67; Нешо Марковски „Истрел во маглена ноќ" необјавен ракопис.

[55]) Изјава на учесници, Р — Тетово, стр. 82.

[56]) За комесар на мавровскиот одред, откако по несреќен случај загина предвидениот комесар Бранко Станојевиќ кој веќе се наоѓаше во базата, беше испратен Илија Антевски, член на воениот штаб при Месниот комитет Тетово. Изјава на учесници, Р —Тетово, стр. 72 и 73; Историски архив КПЈ 7 том, стр. 399; Изјава на учесници, Р — Гостивар, стр. 35, 37 и 59.

и понатаму курсот за вооружена борба, заземен во септември 1941 година од страна на покраинското раководство во кое секретар беше Лазо Колишевски, и не потпаднеше под влијание на БРП (к), кое имаше одраз и во Западна Македонија (врските помеѓу Покраинскиот комитет и партиските организации во Западна Македонија до средината на 1942 година речиси беа прекинати)[57]).

Цврстината и успесите на Партиската организација во Тетово беа најголема гаранција што се одлучи формирањето на ПК да стане во Тетово во почетокот на март 1943 годниа.

## VI

Нов подем во подготовките за исфрлање на партизански одреди во Западна Македонија, па и Тетовско настанува во почетокот на 1943 година.

Според добиените информации од Кузман Јосифовски Питу дека во Западна Македонија постојат сите објективни и субјективни услови за да се развие вооружена борба, Покраинскиот комитет пред крајот на 1942 година одлучи на територијата на Западна Македонија да испрати и други инструктори. Пред крајот на 1942 година во Западна Македонија во Тетово одново се префрли Кузман Јосифовски Питу, кој извесно време престојуваше во Скопје, а заедно со него се префрли и Страхил Гигов[58]).

Пред крајот на јануари 1943 година Окружниот комитет на КП за Западна Македонија, во врска со поставените задачи да се извршат последни подготовки и во најкусо време да се исфрлат партизански одреди, на еден свој состанок донесе одлука своите членови да ги испрати на терен во Западна Македонија, со тоа што секој член на ОК беше задолжен на одреден терен непосредно да работи на исфрлање на партизански одред[59]).

За практично раководење и консултирање на членовите на ОК од најблиските околии наскоро потоа од членовите на ОК КП беа формирани два секретаријати: едниот за Тетово, Гостивра и Маврово, а другиот за Струга, Кичево и Дебар[60]).

На еден од состаноците на Окружниот секретаријат за Тетово, Гостивар и Маврово во февруари 1943 година беше решено да се формираат партизански одреди: еден на територијата на Мавровско, а еден на територијата северно од Тетово. При донесувањето на одлуката за формирање на тетовскиот одред се водеше голема дискусија за теренот на кој треба да се исфрли одредот·Со оглед на тоа што

---

[57]) Архив на И. Н. И., инв. бр. 168; изјава на Крсте Црвенковски, Р — Тетово, стр. 75.

[58]) Изјава на Страхил Гигов во Архивот на И. Н. И.; изјава на учесници, Р — Тетово, стр. 70 и 105.

[59]) Изјава на учесници, Р — Тетово, стр. 108.

[60]) Исто

Во I-виот секретаријат на ОК беа: Тодор Циповски, Томо Софрониевски и Душко Поповиќ, а во II-риот секретаријат на ОК беа: Страхил Гигов, Димо Гавровски, Борис Алексовски и Ванчо Бурзевски.

на Шар северно од Тетово сите села беа шиптарски и во ни едно од нив Партијата немаше пробиено, освен во македонското село Лавце, кое беше во непосредна близина на Тетово. Имаше мислења борците од Тетовско да бидат испратени во мавровскиот одред, а имаше мислење одредот да биде растурен по полето од Тетовско каде имаше и македонски села. Конечната одлука беше тетовскиот одред сепак да се исфрли на теренот над Тетово[61]).

Формирањето на тетовскиот партизански одред се предвидуваше да стане во март 1943 година.

Со формирањето на тетовскиот партизански одред задолжен беше секретарот на Окружниот комитет Тодор Циповски — Мерцан. Во времето на подготовките за неговото исфрлање во Тетово се наоѓаше и Кузман Јосифовски — Питу, кој со своето присуство внесе нов импулс во работата на Партиската организација, и нивните подготовки за формирање на одредот[62]).

Во екот на овие подготовки во февруари 1943 година приредени беа и демонстрации во Тетово. Демонстрациите беа приредени под паролата „Леб и работа". Тие беа закажани во пазарен ден. Присутни на демонстрациите немаше многу, но меѓу присутните биле забележани голем број жени муслиманки од бедниот дел на градот. Демонстрациите делимично успеаја, бидејќи беа провалени и полицијата заради тоа беше алармирана. Но и покрај тоа што тие наполно не успеаја, нивниот политички успех беше голем. Тие беа одраз на незадоволството на народот со окупаторот и преставуваа прв отпор од помасовен карактер. Од друга страна, тоа беше потврда на правилната линија на Партијата изнесена во една од окружниците на Окружниот комитет:

> „Најдиректна должност на партиските организации е да водат акција од секаков вид. Да се развие народната борба за секојдневните потреби и нужди. Да се изостри судрувањето до степенот на вооружено востание. На тој начин ние (М. З.КП) се поврзуваме со масите, подигајќи ја нивната борбеност и политичка свест. Најповеќе масите ќе учат во самата борба и од самата борба. Јакоста на една партиска организација се мери по тоа колку маса може да мобилизира и да ја поведе во борба. Партијата треба да ги организира масите во борба против теророт и бесправието . . . "[63]).

По приредените демонстрации окупаторската полиција беше на штрек. Таа ја засили будноста и по пат на тајни соработници почна да го следи движењето на младината од редовите на македонското население. Во почетокот на март 1943 година беше поткажан состанокот на една партиска келија и во куќата во која се одржуваше состаонкот упадна италијанска карабинерија. Некои успеаја да избе-

---

[61]) Изјава на учесници, Р — Тетово, стр. 109 и 110.

[62]) Изјава на Илија Филиповиќ во архивот на И. Н. И.

[63]) Изјава на учесници, Р — Тетово, стр. 121 и 122; изјава на Илија Филиповиќ и Златка Стојковска во архивот на И. Н. И. Архив на И. Н. И., инв. бр. 152.

гаат, а некои беа затворени и подоцна одведени во тиранскиот затвор[64]).

До почетокот на март 1943 година сите подготовки за исфрлање на одредот беа приведени кон крај: извршен беше избор на луѓето за одредот, одредено беше и одредското раководство на одредот. Во почетокот на март 1943 година испратена беше една група борци на идниот одред во базата на одредот, во месноста Орловец над село Вејце. Подоцна друга група борци замина за мавровскиот терен, каде веќе беше исфрлен партизанскиот одред, за да земат потребно оружје за тетовскиот партизански одред. Меѓутоа, групата на патот за Маврово, уште на територијата на Тетово беше забележана и нападната. Еден од борците беше фатен, додека другите, бидејќи беа не наоружани, беа принудени да се вратат во градот и преминат во илегалност. Од оваа група сите излегоа во одред, освен двајца, кои се поколебаа и откажаа.

Неговото формирање конечно е извршено пред крајот на март 1943 година. До денес сé уште не е расчистено кога точно настанало неговото формирање. Мислењата меѓу учесниците се поделени. Според извесни индиции, кажувањата на еден од организаторите на мавровскиот одред, тогаш член на Окружниот комитет на КП, тетовскиот одред е формиран по мавровскиот — кој е формиран на 14 март — како и поради тоа што е, по сé изгледа, состанокот на ЦК, одржан кон крајот на првата половина на март 1943 година, на кој станувало дискусија за формирањето на тетовскиот одред, што се гледа од записникот на Централниот комитет на КП од 4 и 5 мај 1943 година, може приближно да се заклучи дека неговото формирање настанало пред крајот на март 1943 година.

Тетовскиот партизански одред беше формиран на планината Шар, во месноста Орловец. Одредот имаше одредско раководство. Во одредот се наоѓаа 12 борци, од кои: 10 од Тетово, 1 од разбиениот крушевски партизански одред и еден од скоп. партиска организација кои успеаја да се префрлат на територијата под италијанска окупација. Од 12 борци, 9 беа членови на КП, а 3 беа скоевци. По социјалниот состав учесниците во првиот тетовски партизански одред беа: 8 работници, 3 ученици и 1 студент, додека по однос на националниот состав беа: 9 Македонци, 2 Власи и 1 Србин. Учесниците во првиот тетовски партизански одред го сочинуваа најборбеното јадро на тетовската Партиска организација[67]).

---

[64]) Изјава на учесници, Р — Тетово, стр. 118 — Во куќата во која се одржуваше состанокот на партиската келија откриен е еден шапилограф, три глави од Историјата на СКП (б), говорот на Сталин и друго.

[65]) Изјава на учесници, Р — Тетово, стр. 110, 187, 188; Изјава на Илија Филиповиќ во архивот на И. Н. И.

[66]) Изјава на учесници, Р — Тетово, стр. 109, 110, 114, 187, 188; изјава на Илија Филиповиќ во архивот на И. Н. И.; архив на ЦК КПЈ, том VII, документ бр. 7467. Во одредот се наоѓаа Стојчевски Ѓоце, Илија Филиповиќ, Санко Здравковски, Радован Цониќ, Радмило Стојановиќ, Манчо Матак, Нешо Марковски, Томо Пуревски, Трпе Мишка, Тодор Настевски, Стеван Јовановски

Одредот беше слабо наоружан (бомби, пиштоли и две пушки). Според одлуката на Окружниот секретаријат, мавровскиот партизански одред требаше да му го пренесе оружјето на тетовскиот партизански одред. На одредот не му беше решено ниту прашањето на снабдувањето и исхраната. Без позадина на која можеше да се поткрепи (во шиптарските села немаше никаква подршка), одредот беше ориентиран на снабдување од градот преку курири. Во текот на своето престојување одредот ја напушти месноста Орловец и се префрли на Попова Шапка. Дејствувањето на тетовскиот одред беше од краток век. Тој не успеа ниту да го дочека мавровскиот партизански одред. На 5 април 1943 година тој беше забележан од шиптарското население на околните села. Стражата на одредот со пукање сопре двајца Шиптари кои им се приближуваа. Веднаш потоа поголема група Шиптари ја опколија базата. Борците беа успеале да се повлечат. На 6 април повторно беа откриени и опколени. Ненаоружани, не можеа да ја примат борбата. При повлекувањето сите беа фатени, освен еден борец, кој беше ранет и сокриен во грмушки и утредента успеа да слезе до градот, и комесарот на одредот кој беше слезен по врска во градот[68]).

При оценката за тетовскиот партизански одред ЦК КПМ на својот состанок од 4 и 5 мај 1943 година констатира дека неговиот пораз е во тоа што „партиското раководство неправилно пристапило кон организацијата на партизанските одреди и во таа своја работа грубо ги кршело не само наредбите на Врховниот штаб, туку и заедничката одлука, која по тоа прашање била донесена на првиот состанок (М. З. состанок на ЦК). Така предвреме бил исфрлен на терен тетовскиот одред, и тоа само со две пушки. Наспроти сите наредби, сепак се повторувале грешките по прашањето за исхраната на одредите преку партиските организации во градот"[69]).

Од ова произлегува дека грешката е во тоа што партиското раководство при организирањето на одредот и понатаму се држеше за воената организација, тактиката и задачите на партизанските одреди, кои беа карактеристични за првиот период на вооружената борба, кога беа раководени од оперативните раководства од градот и нивните бази се наоѓаа во близината на градот, а нивното снабдување беше решавано преку јатаци.

По поразот на тетовскиот партизански одред, реакцијата на окупаторот во овој дел добива сѐ поголем замав. Под контрола беше ставено секое движење во градот, посебно вон градот. По нанесениот пораз на тетовскиот партизански одред спроти 1 мај беше извршена уште една акција во градот, беа испишани пароли во градот. Таа

---

и Благоја Тосковски. Во раководството на одредот беа: командант Ѓоце Стојчевски, заменик командант Радмило Стојановиќ, комесар Радован Цониќ, заменик комесар Санко Здравковски. Изјава на учесници, Р — Тетово, стр. 111 и 112; изјава на Илија Филиповиќ во архивот на И. Н. И.

[68]) Изјава на учесници, Р — Тетово, стр. 111, 112, 109, 188 до 191; изјава на Илија Филиповиќ во архивот на И. Н. И.

[69]) Историски архив на КПЈ, VII том, документ бр. 74.

акција предизвика уште поголем јад кај окупаторот и квислиншката албанска власт. Пресретнуван и легитимиран беше секој кој им се чинеше сомнителен. Поради тоа, во овој период, на партиската организација и́ беа нанесени повеќе удари. Во мај беа затворени и секретарот на Окружниот комитет на КПМ и секретарот на Околискиот комитет за Тетово[70]).

Од 1943 година па натаму, посебно по капитулацијата на Италија, Тетово се́ повеќе станува центар на реакцијата. Неколку извештаи од тој период ја потврдуваат таа ситуација[71]).

Заради новонастанатата ситуација ЦК на КПМ и Главниот штаб на партизанските одреди во Македонија не планираа понатаму исфрлање партизански одреди на територијата на Тетовско. Од истите причини во текот на 1943 година до пред крај на 1944 година не се врши никаков напад на окупаторот на тој терен. Косовската бригада при преминувањето летото 1944 водеше дводневни тешки борби со шиптарската реакција во Тетовско[72]). Во август 1944 година направен е обид да се формира тетовски партизански одред од старите партизани, кои беа во разни единици и новомобилизираните борци од Тетовско. Тетовскиот одред кој броеше 35 борци, поради реакцијата, не можеше да опстане во Тетовско и се врати на теренот Дебарца. На својот марш за Дебарца во селото Беличица во септември 1944 година упадна во блокада и поголемиот дел настрада.

Во телеграмата на Главниот штаб на НОВ и ПОЈ за Македонија се вели:

„Џемовците на 19 ом. (М. З. септември) ја запалија Беличица. Тетовскиот одред од 35 борци и Мерџан, враќајќи се поради тешкотиите во тетовскиот крај, без да знаат упаднаа во блокада во селото. Водена е три саата борба. Убиен е Мерџан, а другите 26 другари или се убиени, или заробени, или исчезнати“.[73])

* * *

По капитулацијата на Југославија 1941 год., со воспоставувањето на италијанско-бугарската граница во Македонија, Тетово со еден дел од околијта припадна во италијанската окупациона зона, територијално анектирана во корист на нејзиниот протекторат Албанија. Окупаторот, користејќи се со постоењето на двете националности — Македонци и Шиптари, фаворизирајќи го шиптарското население,

---

[70]) Изјава на учесници, Р — Тетово, стр. 114, 117, 192, 193, 196, 198 до 200; изјава на Златка Стојковска во архивот на И. Н. И.

[71]) Архив на И. Н. И. инв. бр. 436; архив на И. Н. И., Главен штаб за Македонија — Дневник на примени и пратени телеграми, ст. 42; архив на И. Н. И. инв. бр. 1331.

[72]) Архив на И. Н. И., Главен штаб на Македонија, Дневник на примени и пратени телеграми, стр. 69.

[73]) Архив на И. Н. И., книга на примени и испратени телеграми на Главниот штаб на Македонија, стр. 51.

со помош на албанската квислиншка власт и шиптарската буржоазија, настојуваше помеѓу нив да создаде национална и верска омраза, со цел да го разбие единството и на тој начин да го обезбеди своето господство во окупираните земји.

Наспроти тенденциите на окупаторот, како и на шиптарската буржоазија која сосема се стави во служба на окупаторот, и дел од македонската буржоазија кој пасивно се однесуваше спрема окупаторот, присакувајќи, под влијание на пропагандата на бугарскиот окупатор, окупацијата да се прошири и на тој дел од Македонија, партиската организација од Тетово, прифаќајќи ја линијата на КПЈ, — се стави во улога на организатор и мобилизатор на народот од тој крај за вооружена борба против окупаторот.

Партиската организација во Тетово, формирана во јуни 1940 год., својата активност до нападот на Југославија ја насочи на усвојување и спроведување линијата на КПЈ за поткрепа на СССР и внатрешна демократизација на земјата, како и влада која ќе преземе мерки за одбрана на земјата. Правилно спроведената линија на КПЈ во деновите пред војната, беше услов во деновите на априлската војна на одржаното советување од 10 април 1941 год. да заземе правилен став по однос на окупаторот, донесувајќи заклучок за продолжување отпорот против окупаторот. Благодарејќи на тој заклучок во однос на окупаторот партиската организација по окупацијата го разобличуваше окупаторот, неговите мерки, како и шиптарската и македонската буржоазија, која на еден или друг начин ја прифаќаа окупацијата, а во текот на август се изјасни против контрареволуционерниот и опортунистички став на тогашниот секретар на ПК КПМ и ја прифати линијата на КПЈ за вооружена борба. Од октомври 1941 год. благодарејќи на помошта на новиот ПК КПМ и неговите инструктори, во Тетово започнаа политичките и воените подготовки за формирање партизански одреди. Во текот на 1942 беше постигнат забележителен политички успех меѓу македонското население, а делумично и меѓу шиптарското население од градот, зашто голема улога одигра листот „Неделен весник“. Планинскиот дел од околината на Тетово населен со шиптарско население, кај кое долго време се задржаа илузиите за некакво национално ослободување, беше пречка во текот на 1942 год. да се формира партизански одред на теренот Тетово. Во март 1943 год. сепак беше формиран Тетовски партизански одред на планинскиот терен Шара изнад Тетово. Без обезбедена позадина во шиптарските села, ненаоружан, со организација и начин на снабдување преку јатаци од градот, во почетокот на април 1943 год. настрада. Од овој момент па сé до крајот на ослободувањето, Тетово станува центар на шиптарската реакција. Поради тоа на овој терен се чувствува одсуство на дејствување на партизански единици. И покрај тоа Партијата врши мобилизаторска улога за испраќање борци во други партизански одреди и го подготвува народот за конечна пресметка со окупаторот и неговите квислинзи.